MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 08 - 1129/1
17.04.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 27-тата седница одржана на ден 14.02.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4399/1 од 19.09.2019 година, оформен по доставена пријава, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019).

Предметот со број 08-4399/1 од 19.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, во деперсонализирана форма.

***Образложение***

Предметот број 08-4399/1 од 19.09.2019 година е оформен по поднесена пријава во која се укажува дека директорите на клиниките при Универзитетскиот клинички центар „Мајка Тереза" – Скопје немаат поднесено анкетен лист за имотната состојба.

ДКСК, по разгледување на прибавените информации и документација од Министерството за здравство и по увидот во својата евиденција утврди дека лицето ______________ во законски утврдениот рок по именувањето за ВД медицински директор на Универзитетска клиника за _____________ - Скопје не поднело анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија за спречување на комисијата со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Катица Николовска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр. 1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk